Врз основа на член 9 став (2) од Законот за финансиска поддршка на работодавачите погодени од здравствено-економската криза предизвикана од вирусот COVID-19, заради исплата на платите за месеците октомври, ноември и декември 2020 година („Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 267/20), министерот за финансии донесе

# ПРАВИЛНИК
# ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА БАРАЊЕТО ЗА ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА ИЗНОСОТ НА ВРАЌАЊЕ НА ПРИМЕНАТА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ЗА ИСПЛАТА НА ПЛАТИ ЗА МЕСЕЦИТЕ ОКТОМВРИ, НОЕМВРИ И ДЕКЕМВРИ 2020 ГОДИНА

## Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на барањето за пресметување на износот на враќање на применатa финансиска поддршка за исплата на плати за месеците октомври, ноември и декември 2020 година.

## Член 2

Барањето за пресметување на износот на враќање на применатa финансиска поддршка за исплата на плати за месеците октомври, ноември и декември 2020 година, доколку работодавачот е обврзник на данокот на добивка или на годишниот данок на вкупен приход се поднесува на образец „ДД-ГДВП/БВФП-2” отпечатен на хартија во бела боја во А-4.

Формата и содржината на образецот на барањето од ставот 1 на овој член се дадени во Прилог 1 кој е составен дел на овој правилник.

## Член 3

Барањето за пресметување на износот на враќање на применатa финансиска поддршка за исплата на плати за месеците октомври, ноември и декември 2020 година, доколку работодавачот е обврзник на данокот на доход од вршење на самостојна дејност се поднесува на образец „ДБ-БВ-ФП/1” отпечатен на хартија во бела боја во А-4 формат.

Формата и содржината на образецот на барањето од ставот 1 на овој член се дадени во Прилог 2 кој е составен дел на овој правилник.

## Член 4

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 20-9038/1
декември 2020 година
Скопје

Министер за финансии
dr. Fatmir Besimi, с.р.

Правилник за формата и содржината на барањето за пресметување на износот за враќање на применатa финансиска поддршка за исплата на плати за месеците октомври, ноември и декември 2020 година